Љубен ЛАПЕ

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ИЛИНДЕН МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ ВО МАКЕДОНИЈА И СРЕД ЕМИГРАЦИЈАТА*

70 години нè делат откако македонскиот народ на паметен ден Илинден 1903 г. се крена со оружје в рака на востание за да ја урне османската тиранија и да заживее вистински слободен живот.

29 години изминаа од другиот паметен Илинден кога во манастирот Св. Прохор Пчински се ставија темелите на нашата слобода кои ни овозможуваат денес да ги прославуваме овие два најкрупни датуми од нашата нова и најнова историја.

Револуцијата како метод и средство на планирана и програмирана борба за своето ослободување ја прифати македонскиот народ во своето огромно мнозинство едвам во последната деценија на XIX век, по неколку неуспешни и стихијни буни и востанија од локален карактер.

Како резултат на извршените економски промени во материјалната база на македонското општество кон крајот на XIX век се создадоа нови општествени сили кои ја зедоа врз себе улогата на идеолози и координатори на напорите на македонските работни маси за нивното ослободување од османското ропство и од аспирациите на соседните монархии. Творците на создадената Тајна македонско-одринска револуционерна организација во Солун, со својата десетгодишна макотрпна и систематска активност, успеаја да внесат револуционерна свест во голем дел од македонските маси, прилично да ги раздвижат и преку самовооружувањето да го подигнат нивниот борбен дух за претстојната револуција.

Со својата широка платформа на сеопфатност на разноверските и разнојазичните маси што ја населуваа Македонија, ова прогресивно движење раководено од Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Даме Груев, Димо Хаџи Димов и др. им ја отвораше вратата на учество и на другите народности во Македонија, без разлика на нивната верска и национална припадност, под услов да ги прифатат неговите принципи на цврсто потпирање врз соп-

---

*) Реферат читан во Македонската академија на науките и уметностите.

ствените сНаги за извојување на своето сопствено ослободување
И голем дел од нив му се приклучија за да ја делат судбината со него.

Без оглед на тоа што не беа сè уште достаточно подготвени со оружје и вешти воjнички кадри, и без оглед на тоа што меѓународната ситуација не им ветуваше среќен исход на борбата, македонските маси воспитувани и подготвувани на преданост и саможртва на даден знак од Организацијата, на 2. август 1902 г. се кренаа на востание.

Востанието ја зафати негде со поголем негде со помал интензитет целата територија на Македонија: од Скопска Црна Гора и Осогово на север до Вич и Пајак Планина на југ и од Бистра и Стогово на запад до зад Пирин Планина на исток за да се префрли подоцна надвор од територијата на Македонија и во Одринско.

Во ова крваво и пред време кренато востание, насилното преземање од турската власт на градот Крушево, уривањето на старата и организирањето на новата востаничка власт во него заземаат врвно место во оваа славна Илинденска епопеја. Во кренатото Илинденско востание беа ослободени многу планински села и две мали гратчиња Клисура и Невеска. Клисура дури се задржа три недели во рацете на востаниците. Но никаде не се замисли за формирање на револуционерна власт како во Крушево. Никаде не дојде до израз творечката иницијатива на масите и нивните раководители како во него. Најодзади, никаде на Балканот така рано и така правилно не беа поставувани и решавани прашањата за рамноправното учество на разнородните и разноверските маси во управувањето со нивната понатамошна судбина. Малата Крушевска федерација, родена во огнот на Револуцијата и нејзиниот манифест упатен до муслиманското население со цел да им ги објасни слободољубивите и длабоко човечките цели на востанието, станаа не само идеал кон кој се стремеа идните поколенија туку и непресушен извор за инспирација на редица писатели, уметници и политичари.

Готовноста со која 1903 година организираните македонски маси го прифатија повикот на Тајната македонско-одринска револуционерна организација за стапување во крвавата пресметка со вековниот потисник; еланот и храброста што ја покажаа во текот на тримесечните борби; пројавеното единство и сплотеност на македонските со влашките маси во организирањето и одбраната на Крушевската Република и најодзади цврстината со која подоцна ги поднесоа безмилосните удари на задушувачите на востанието, останаа незаборавни страници од оваа крвава Илинденска епопеја.

Непобитна вистина е дека „Големината на историските настани најсугестивно се изразува во трајноста на нивното воздејство. Илинден 1903-та година ја имаше судбината да биде та

ков настан — да значи многу и за своето време и за времето на иднината".[1]) Зошто навистина ниеден настан од нашата нова историја не се засече така длабоко во свеста на македонските маси како Илинден; ни еден не беше така често употребуван во натамошните борби на нашиот народ како пример за поттик или како борбен повик во името на македонската слобода или како пример на остварено братство и единство на македонскиот народ со другите народности во Македонија во одстојувањето на нивното право на слободен живот. Но истовремено ни еден настан како Илинден не беше така често и злоупотребуван во цели наполно спротивни на неговата суштинска намена: самоослободувањето на македонскиот народ по пат на револуција и неговото оспособување за слободен живот.

Сè до Првата светска војна слабо се евоцираа, барем не јавно и во литературата, спомените и одбележувањето на Илинден. Секако дека тоа го оневозможуваше зафатеноста на преживеаните илинденски борци во разгорештените идејно-политички расправии внатре во редовите на самата Организација кои се завршија со нејзиното омаломоштување и растурање пред Хуриетските денови. Не помалку тоа го оневозможуваа 6-годишните крвави борби во Балканските и Првата светска војна чиишто резултати беа раскинувањето на македонскиот народ и неговата територија на три дела од страна на соседните монархии и емигрирање на маса Македонци во соседните земји и во далечна Америка. Но Илинден како заедничко дело на целокупниот македонски народ и споменот за него станаа една од најздравите врски што ги поврзуваше Македонците од сите три насилно истргнати и преградени со тешко преодни граници, како и сите емигрирани Македонци. А не беше мал бројот на оваа голема македонска дијаспора: само во Бугарија до 1923 година беа емигрирале околу 300.000, во Америка 50.000, во Турција и Цариград 50.000 и во Романија околу 5.000 Македонци.[2])

## 1. Реминисценциите на Илинден во Пиринска Македонија и сред македонската емиграција во Бугарија

Сред огромната тристоилјадна македонска емиграција растурена по разните краишта на Бугарија и сред компактните македонски маси во Пиринска Македонија се засолна најголемиот број од видните македонски војводи и учесници во Илинденското востание. Голем број од нив, опфатени од носталгијата за својот

---

[1]) Димитар Митрев, Илинден 1903 — преломен чин и патоказ во национално-револуционерната борба на македонскиот народ. Современост бр. 6 за 1968 г. стр. 511.

[2]) Ср. П. Петров, Предупредителен позив към Македонците вън од Македония. В. „Независима Македония", год. I, бр. 24, стр. 1.

роден крај и од неисполнетите идеали за ослободувањето на Македонија, се организираа во името на дадените жртви во Илинденското востание во свои специјални таканаречени илинденски организации. За да оставаат потрајни траги за крвавите, но светли дни од Илинденската епопеја; за да се оддолжат кон своите паднати другари во востанието и за да ги запазат од заборав нивните светли ликови почнаа да ги евоцираат своите спомени за нив на самиот ден Илинден. Тоа го правеа не само усно туку и им посветуваа цели весници и списанија или специјални јубилејни листови и зборници што го носеа името на Илинден.[3]) Додека голем број од чесни илинденски борци ги изнесуваа своите спомени како поука за идните поколенија, како поттик за одстојување на идеалите што ги раководеа илинденците да се доберат до вистинската слобода на македонскиот народ, дотолку друг не мал дел од македонските емигранти, под влијание на големобугарската буржоазија, лажно го интерпретираа делото на Илинден. Трајно ќе останат во сеќавање острите зборови на Димо Хаџи Димов со кои ги жигосуваше тие фалсификатори и нивните помагачи:

„Бугарската буржоазија со своите верни македонсвујушчи патриотари, макар да станала навистина „скромна“ во својата омаломоштеност, не се остава од меракот да ги превртува коските на илинденските револуционери и да се игра со нивното ослободително дело. Таа го експлоатира овој настан кога намерно ја фалсификува неговата вистинска содржина, за да ги потхранува своите пакосни националистички стремежи, сведени сега по неопходност на жалосното барање да ѝ се даде „автономија“ на Македонија.

Тоа (востанието б. м.) беше предизвикано од бугарската буржоазија и од нејзините македонсвујушчи орудија, наседнати на месната служба во Бугарија. Станатото население во најголемиот свој дел се бореше за својата, за македонската слобода. Историско свидетелство за тоа е прогласувањето на Крушевската република, прва на Балканскиот Полуостров, инспирирана од незаборавниот македонски револуционер социјалист Никола Карев, но за кого, како и за сите револуционери социјалисти и слободомислители... „историчарите“ на патриотизмот молчат како риби.

Предисторијата на Илинденското востание е доста точно долга, како што е долга и неговата поисторија. Но од почетокот и до крајот се гледа

---

[3]) На пример „Илинден", орган на Сдружените бивши македоно-одрински революционери, двонеделен весник излегувал во Софија од 1921—1926 г. „Илюстрация Илинден", орган на Илинденската организација, излегувал еднаш месечно од 1927—1944 г.; „Илинден", Сборник в полза на големото Илинденско востание, орган на Македонското студентско дружество „Вардар" излегувал од 1921—1929; „Илинден", орган на Македонската културно-просветна младешка организација „Пелистер" во Бургас, единичен лист излегол на 2. VIII 1924 г.; Илинденски лист, единичен број по случај годишнината од Илинденското востание излегувал секоја година од 1933—1944 г. и др.



Македонската емиграција во Софија на Илинденската манифестација во 1924 година



Илинденска свеченост во Горна Џумаја по повод 30 години од Илинденското востание

само едно, дека Македонија пропадна зашто бугарската буржоазија сакаше да ја голтне во својот сопствен трбух без да држи сметка и за другите волци наоколу.

Нема ништо погадно и поподло денес од бесрамноста на таа буржоазија и од безобразноста на патриотарите да се повикуваат на Илинденското востание и од него да црпат вдахновение за својата пропаднатата кауза"[4]) — заклучуваше во својата статија од месец август 1920 г. Димо Хаџи Димов.

Со големи свечености го прослави во 1922 г. денот на востанието прогресивната македонска емиграција, собрана околу друштвото „Илинден" и истоимениот весник „Илинден". Иницијатор и душа на таа прослава беше поетот — востаник од с. Селце, Дебарско Арсениј Јовков. Покрај одржаниот реферат за историското значење на Илинденското востание пред повиканите делегати од Илинденските друштва на македонската емиграција од внатрешноста, Јовков го објави и прологот на својата голема поема замислена во три тома и посветена на Илинден. Заслужуваат да се спомнат по тој повод искажаните силно емотивни зборови на Јовкова во неговата статија посветена на паднатите илинденски борци:

„На овој збир од безимени борци, од непознати херои што ги посеаја македонските планини со своите бескрсни гробови, на таа народна маса што нема име, но остави историја, што не зборува но твори, што ја влечеше најцрната балканска робија, но го даде Илинден 1903 година, на неа нашиот поклон, од неа — нашиот восхит".[5])

Скоро секоја година и по сите места каде што живееја Македонци во Бугарија стана пракса да се организираат помени и парастоси на паднатите борци во Илинденското востание и да се приредуваат специјални утра или вечери со пригодни програми посветени на Илинденското востание и неговите херои. Не ретко овие приредби добиваа шовинистички призвук. Чувствувајќи ја опасноста да не се изродат во најобични голословни тиради и во полза на големобугарската идеологија, од една страна, а со цел да ги пренесе пораките на илинденските борци на тогашните револуционери во нивната вистинска светлина, од друга страна, уште еднаш Димо Хаџи Димов се поврати на суштината на Илинденското востание и неговите последици во посебна брошура под наслов „Илинденското востание и поуките од него за денешните револуционери", укажувајќи им дека само преку самостојна револуционерна дејност, само преку борби против завојувачката политика на балканските влади и во сојуз со сите поробени народи и потиснати класи може да се дојде до победа:

---

[4]) Д. Х. Димов, Илинденското възстание, в. „Освобождение" I. 7 стр. 2. Покасно и Анастас Митрев во статијата „Илюстрација Илинден во служба на врховизмот" објавена во „Македонски вести", бр. 21 од 12. VI 1935 г. исто така остро истапи против искривувањето на суштината на Илинден од страна на редакцијата на гореспомнатото списание на Илинденската организација.

[5]) А. Й., На неизвестните. В. „Илинден" III, 1, (1924) г., Стр. 2.

„Народ којшто можеше да даде едно Илинденско востание и да преживее цела редица тешки и горчливи разочарувања после него, но кој пак не е очаен и се крева за нови борби, таков народ не умира, но ќе го доживее тржеството на својот идеал, само ако не си ги затвора очите пред условите во кои се развивал во минатото и ќе се развива и за понатаму неговото ослободително дело“, ободруваше Хаџи Димов во својата брошура за да заврши со овие пророчки зборови: „Македонија имаше свој прв Илинден, по кој настапија крвави дни на уривање и тешки страдања во текот на една цела четвртина век. Таа ќе има и свој втор Илинден, но веќе при идната нова и сигурна епоха на блиски победи и ослободување. Тој втор Илинден е близок, тој доваѓа. И тогаш останатите живи стари и нови илинденци братски ќе се прегрнат и ќе се радуваат на постигнатиот идеал...“[6])

Одбележувањето на 20-годишнината од Илинденското востание не предизвика само обични реминисценции кај старите Илинденци туку кај некои од нив и дела од трајна вредност. Покрај спомнатава брошура на Димо Хаџи Димов по повод прославата на 20-годишнината се појави 1923 г. првата драма под наслов „Илинден“ во пет чина од учесникот на Илинденското востание во Крушево, Никола Киров-Мајски. Задоен со идеалите на Крушевската република и самиот еден од нејзините градители Никола Киров Мајски ја напиша својата драма „Илинден“ на крушевски говор и со тоа им даде уште понепосредна автентичност на своите херои. „Со својата животна вистинитост и со елементите на изразит национален колорит, живо потенциран и од чистиот македонски јазик — вели Димитар Митрев во една своја студија — таа предизвикуваше на претставите во крушевскиот културен дом во Софија ефектно патриотско дејство кај големиот број на нејзините гледачи“.[7]) Подоцна, по повод 30-годишнината од Илинденското востание Христо Силјанов ја објави богатата со фактографски материјал студија за Илинденското востание,[8]) а Никола Киров Мајски го напиша прозното популарно дело „Крушево и неговите борби за слобода“ што како одделна брошурка излезе 1935 г. И до крајот на својот живот Никола Киров-Мајски ги проучуваше со голема пасија материјалите за Илинденското востание и Крушевската република оставајќи една прилично обемна книга во ракопис за Илинденската епопеја која сè уште чека на свој издавач.

Како и по сите места каде што имаше македонски емигранти во Бугарија, делото на Илинден уште повеќе беше почитувано и прославувано во голем број места на Пиринска Македонија. Од

[6]) Д. Х. Димов, Илинденското възстание и поуките од него за днешните македонски революционери. „Македонско дело”, бр. 5 за 1925, стр. 5.

[7]) Д. Митрев, Одразот на Илинденското востание во уметничката литература. Зборник Илинден 1903—1953 Скопје, 1953, стр. 270—271.

[8]) Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I: Илинденското възстание София, 1933 г.

крупно значење е појавата во 1939 год. на сериозната студија на македонскиот прогресивен публицист и виден раководител во Горна Џумаја (денес Благоевград) Коста Веселинов под наслов „Македонската преродба и Илинденското востание“. Покрај нејзиното масовно распространување низ Пиринска Македонија и сред емиграцијата во Бугарија каде што наиде на одличен прием, книгата на Веселинов стигна и во Вардарска Македонија и укажа силно влијание на прогресивната македонска младина. Дури во првите чекори на македонското школство во ослободена Македонија целата книга на Коста Веселинов беше преведена на македонски јазик и дополнета со мали материјали од другите периоди на македонската историја за да послужи како основен материјал за изучување историјата на преродбата и Илинденското востание во нашите први македонски слободни училишта.

Нам не ни е целта да се осврнуваме на сите прозни и поетски дела во кои е одбележена Илинденската епопеја, а што така солидно го има реализирано академикот Димитар Митрев во својата гореспомната студија по повод 50-годишнината од Илинденското востание од која некои примери ни послужија овде за илустрација. Но треба да го подвлечеме фактот дека колку повеќе се оддалечуваше времето од денот на кренатото Илинденско востание толку повеќе во новите услови одбележувањата и прославите на Илинден кај прогресивната емиграција во Бугарија и Пиринска Македонија добиваа карактер на повик и знаме за нови борби, за исполнување на нереализираните завети на крушевските републиканци. Тоа најеклатантно се гледа од заветот на преживеаните илинденци објавен во зборникот Илинден 1903 што по повод 35-годишнината го организира и редактира со редица статии и спомени на видни македонски дејци публицистот Димитар Глигоров Зафиров и којшто гласи:

„Илинден е ден за слава и почит — база за среќни дни на Македонија. Ние, останатите живи илинденци, што еден по друг го напуштаме животот, им го оставаме на идните поколенија овој наш аманет: да го продолжите делото на Илинден до оној негов среќен крај за којшто не сме престанале и нема да престанеме да мислиме до нашиот последен здив“.[9])

## 2. Одбележувањето на Илинден во Вардарска Македонија

Ако во Пиринска Македонија и сред бројната македонска емиграција одбележувањето на Илинден меѓу двете светски војни зеде такви јавни и масовни манифестациони форми во просла-

[9]) Сборник Илинден 1903. София 1938, на насловната страна на корицата овој завет ги носи потписите помеѓу другите на: Туше Делииванов, Павел Шатев, Божин Проданов, Никола Малешевски, Алекса Мартулков, Крсто Ѓермов Шакир, Стеван Аврамов, Тане Мурџев и др.

вите и во литературата, во Вардарска Македонија, поради негирањето на македонскиот национален индивидуалитет и неговата национална историја и култура од страна на господаречките кругови и ненародните режими, јавното одбележување на Илинден било преку спомени, било преку написи од каков и да било вид беше забрането и оневозможено. Поради тоа нашиот народ, особено неговата прогресивна и борбена младина, беше принуден да пронаоѓа други форми, да се служи со други методи и средства за да го одбележи овој ден. Во тој правец му даде прилична помош најпрогресивната општествена сила во тоа време, нелегалната Комунистичка партија на Југославија. За разлика од ненародните режими од бивша Југославија КПЈ беше единствена организирана сила што ги оцени и призна револуционерните традиции на македонскиот народ и неговото право да ја развива својата национална култура. Доказ за тоа е појавувањето во 1924 год. на малата брошура на еден од врвните раководители на ЦК КПЈ Коста Новаковиќ под наслов: „Македонија Македонцима, земља земљорадницима!“ во која сосем јасно се подвлекува големото значење на Илинденското востание во борбите на македонскиот народ за негово ослободување. Но оваа брошура беше не само забранета и конфискувана по нејзиното растурање туку и нејзиниот автор и нејзините распространувачи накажени со прилично високи казни.

Од друга страна, не беше никако забрането да се напаѓа и фалсификува во буржоаскиот печат меѓу двете светски војни Илинденското востание и Крушевската Република. Еден пример за тоа. Некојси Н. (веројатно школскиот надзорник во Битола Јован Ничота) во статијата „Крушево некад и сад“ го окарактериса Илинденското востание како „по злу познато Илинденско востание“, како „покрет непромишљен, недовољно припремљен од бугарског комитета да се заинтересује Европа хришћанским живљем у Турској“, а десетдневната Крушевска Република како „десет дана лажне слободе“ и други вакви неточности.[10]) Меѓутоа, не беше ништо во состојба да го зацрни и да го извалка овој светол ден на македонскиот народ зашто тој беше навлегол длабоко во неговиот катадневен живот, па дури станал и еден вид камен межник за хроникирање на настаните. Изразите „пред востанието или по востанието“ беа влегле во секојдневната пракса за одбележување на некој настан во животот на луѓето од овој крај, а бројните народни песни за палењето на Крушево, Смилево и стотици други села, како и за крвавите судири и подвизи на Илин-

---

[10]) Н., Крушево некад и сад. в. Вардар" (Скопље) III, бр. 168—170, стр. 3. Релативно објективни податоци за Илинденското востание даде универзитетскиот професор Душан Поповиќ во својата книга „О Цинцарима." Београд, 1937, стр. 295—300

денските борци низ цела Македонија[11]) станаа најефикасно воспитно средство за трајно запазување на споменот на овој голем настан и истовремено најубави венци со кои им се оддолжуваше нашиот народ над нивните знајни и незнајни гробови. Споменот за Илинденското востание оживуваше во поширок размери секоја година и на селските собири посветени на верскиот празник Свети Илија што го славеа многу села и манастири низ Македонија. Постепено верската содржина на овој сведен откако беше избувнало Илинденското востание почнуваше да се потиснува и заменува со новата револуционерна содржина што му ја даде Востанието подигнато на тој ден и поимот Илинден од поим на црковен празник и со верска содржина во подоцнежно време почна да се сфаќа и подразбира како празник на Илинденското востание и Крушевската република.[12])

Секако најдлабоки беа спомените за Илинден во Крушево, каде што востанието зеде најголем разгор. Секоја година старо и младо, жени и деца од Крушево и околијата се точеа во утринските часови на Илинден кон Мечкин камен божем на излет а всушност за да му оддадат почит на легендарниот херој Питу Гули и неговите другари. Особено овие посети на Мечкин камен почнаа да земаат помасовен и организиран карактер од 30-те години на овој век, поради што полициските власти во Крушево го забранија посетувањето на Мечкин Камен на Илинден. Сепак прогресивните младинци од овој крај најдуваа начини да го одбележуваат овој ден на други места и во често практикуваната форма на излети. За одбележување е изузетното и вешто изведеното оддавање почит на илинденските жртви преку парастос и говор во крушевската црква Св. Никола 1935 г., по иницијатива на тогашниот секретар на крушевската општина Андон Мацан. Мацан во разговор со архиерејскиот наместник во Крушево Данило Ќукиќ дека во 1903 г. било кренато во овој крај востание, како и во Србија на чело со Караѓорѓе, против турската власт во кое крушевчаните дале големи жртви на кои никој досега не се сетил да им организира парастос, демократски расположениот архиерејски наместник во Крушево, возбуден од една вакква очевидна неправда, се согласил не само да одржи парастос туку и говор во црквата пред многубројниот насобран свет на денот Илинден. Меѓутоа, откако разбрале локалните власти во градот за изведениот парастос настанале сослушувања и други притисоци така што уште еднаш не се повторил овој начин на одбележување на

---

[11]) Поопширно за содржината, битките и ликовите од Илинденското востание во народните песни види во статиите на Димче Најчески, Илинденското востание во македонската народна поезија. „Македонски фолклор" год. II, бр. 3—4, стр. 83—90; потоа кај Никифор Робовски во статијата, Одразот на Илинден во македонската историска песна, „Македонски фолклор", год. I, бр. 2. стр. 42 и др.

[12]) Гане Тодоровски, Македонската народна песна и Илинден. Книга за Илинден. Скопје, 1969, стр. 327—329.

Илинден.[13]) Наспроти сето ова идните години одбележувањето на Илинден во Крушево и околијата добиле уште поинтензивен и посодржаен карактер. На тајни состаноци под формата на излети во блиската околија на Крушево со подготвени реферати за значењето на Илинденското востание и оддавањето почит на паднатите, крушовските младинци често пати заедно со дојдени специјално за таа цел младинци од Прилеп го одбележуваа овој празник како ден на борбената готовност да ја извојуваат својата слобода. Особено широки размери зело одбележувањето на Илинден во Крушево и околијата во 1940 година. За таа цел биле создадени активи за организирање специјални состаноци на кои се говорело за Илинденското востание. Покрај тоа, во самиот град Крушево бил одбележан споменот за Илинден во таа година со предавања и по крушевските села Ракитница, Зашле и други места. Во Ракитница ги изнесол своите сеќавања останатиот жив илинденец Најдо Вељаноски — Черга, активен учесник во востанието и деец и другар на социјалистите Веле Марков и Никола Карев. До која степен се проширило одбележувањето на Илинден од страна на крушевчаните говори и фактот дека мнозина појдени на печалба во Белград спроти денот на Илинден во 1940 година се собрале тајно за да го чујат специјално приготвениот реферат за значењето на Илинденското востание.

Не се одбележуваше Илинден само во Крушево и неговата околија туку скоро во сите поголеми градови во Македонија, соодветно на месните услови, а понекогаш и во рамките на други крупни прослави. Така, на пример, ползувајќи го јубиларното одбележување на 150-годишнината од Француската револуција во 1939 год., скопската прогресивна младина, зад која стоеше Покраинскиот комитет на К. Партија, објави специјална брошура[14]) по тој повод. Покрај неколкуте пригодни статии и материјали за самата Француска револуција, објавена е во оваа брошура и една статија на Страхил Гигов за „Француската револуција и нашите традиции". Споредувајќи ја Француската револуција со други настани на Балканот, Гигов го искористил моментот да укаже и на поважните борби на македонскиот народ, а особено да го подвлече Илинденското востание со цел да ја поврзе 150-годишнината од 14. јули 1789 г. со нашите домашни традиции. Страхил Гигов тврдеше во статијата дека

„првите дни на Крушевската република иако во помал обем и краткотрајни, во многу нé потсетуваат на првите дни на големата Француска револуција. Истиот замав, истата воодушевеност, истите идеали кои ни се добро познати од Француската револуција се гледаат и во Крушево".

---

[13]) Андон Мацан, Податоци за манифестацијата на Илинден во Крушево одржана во 1935 год. Институт за Национална историја Скопје — документација.

[14]) 150 година Француске револуције, 14. јула 1939. Скопје 1939 г.

Што е од особено значење Гигов го даде во својата статија Крушевскиот манифест, прво на српски, потоа на македонски јазик и со тоа за прв пат ја запозна нашата јавност во Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни со овој знаменик акт на Крушевската република. Се разбира дека ненародните режими го забранија растурањето на оваа брошура, како и весникот „Наш лист" во кој беше препечатен истиот Манифест, а самиот Гигов беше уапсен. Меѓутоа, додека стигнала забраната и брошурата и дел од броевите на забранетиот „Наш лист" веќе биле растурени[15]) и послужиле како одличен материјал за збогатување на младинците со дотогаш непознатите страници од Илинденското востание и Крушевската република. Оттогаш туку речи низ цела Вардарска Македонија, каде и без тоа беа најживи традициите на Илинденското востание, зачестија прославите на Илинден и поорганизирано и посодржајно.

Сфаќајќи ја важноста на Илинденското востание како средство за револуционизирање на македонските маси, Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија од 1940 година реши да го воведе прославувањето на Илинденското востание како широко практикувана форма за раздвижување на масите. За прославите им беше доставуван не само материјал во врска со истакнувањето значењето на Илинденското востание туку и подетален план за начинот на изведувањето на тие прослави и нивното прераснување во демонстрации против ненародните режими.[16]) Покрај изведените прослави во Скопје,[17]) Струмица[18]) и други места, особено успешни беа прославите на Илинден во 1940 година во Охрид и Прилеп.

Прославата во Охрид се изведе со излет во блискиот манастир Св. Илија каде беше вообичаено да се собира народот на тој ден на собир од соседните села. Истовремено сите студенти дојдени на летување во специјално организираната колонија во Охрид зедоа учество на излетот. Пред излетниците и пред насобраниот народ во манастирскиот двор одржал говор за значењето на Илинденското востание Мирче Ацев. На враќање во град Охрид студентите пееле револуционерни песни, особено тогаш популарната песна „Гори поља по цел свет да се зна, Македонија

---

[15]) Дејан Алексиќ, ,,Наша реч" во периодот од 1939—1941. Зборник 40 година Том IV, Скопје 1961, стр. 333.

[16]) Фактографски материјали за историјата на бившата скопска партиска организација од 1941—1944 г. Од изјавата на Бајо Видиќ, ИНИ Архив, РДР — 1—2, стр. 92; Сретен Жујовић, Сећања из предратног партијског рада ИНИ — Архив.

[17]) Видиќ на истото место тврди дека на илинденскиот излет надвор од Скопје учествувале околу 1000 лица и при влегувањето в град со револуционерни песни биле растерани од полицијата и 300 од нив уапсени.

[18]) М. Пандевски и Г. Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Скопје, 1969, страна 348—349,

слободна, слободна ќе живеј", што привлекле маса народ. Се разбира дека тоа предизвикало апсење на Мирче Ацев и неколку поистакнати студенти во манифестациите низ градот.[19])

Најмасовен карактер и ударна сила зеде прославата на Илинденското востание во Прилеп на 2. август 1940 год. По планот на Месниот комитет по вообичаениот масовен излет во блиската околија на Прилеп на враќање излетниците влегле во градот со пеење на револуционерни песни и повлекле со себеси уште стотици други граѓани. Пред илјади маси на четири места во градот специјално подготвени говорници, поврзувајќи го денот на востанието со современата тешка положба на македонскиот народ и неговите погазени права, ја претвориле манифестацијата во демонстрација и ги обвинувале ненародните режими барајќи што повеќе слобода, леб, мир и правда. Наелектрисаните маси ја жигосувале експлоататорската политика на дотогашната влада со тутунот и извикувале пароли против војната. Брзо масите дошле во остри судири со полицијата при кои имало повеќе апсења.[20])

ПК на КПЈ за Македонија како иницијатор за масовното одбележување на Илинденското востание бил задоволен од постигнатите резултати и го изразил тоа свое задоволство во својот нелегален Билтен со овие зборови:

„Прославата на Илинденското востание и изведените демонстрации на тој ден ширум Македонија покажуваат каква огромна енергија во себе има македонското национално движење. Овие демонстрации го изнесоа на светлоста на денот длабокиот и револуционерниот карактер на ова движење... Тие го осветлија патот по кој треба да се продолжи, како и потребните форми за правилно водење на ослободителната борба".[21])

Подвлекувајќи го историскиот континуитет на оваа борба како израз на националната самобитност во еден од другите броеви од Билтенот на ПК на КПЈ за Македонија се истакнува дека Илинденското востание, Крушевската република и светлите имиња на народните борци кои го загреваат револуционерниот пламен во душата на македонскиот народ за продолжување на „неговата борба, се најдобрата гаранција дека е близок денот кога слободното знаме на Крушевската република на славниот Карев ќе се развее над Македонија".[22])

---

[19]) Фактографски материјал за историјата на бивша Скопска околија. Изјава на Деса Миљовска. ИНИ-архив. Р. 1—1, стр. 8—9; белешки од состанокот на учесниците во Народната револуција за бивша Охридска околија. Изјава на Симеон Ивановски. ИНИ — архив РД — 11—1, стр. 3.

[20]) Х. Гергиевски, Охридскиот излет и демонстрациите во Прилеп. Зборник 40 години КПЈ Том. III, Скопје 1961, стр. 514—515; Прилеп и Прилепско низ Историјата Том II, Прилеп 1972, стр. 88—90; Л. Н., Прилепските демонстрации. в. Нова Македонија од 2. VIII. 1951 г. стр. 2.

[21]) Ив. Катарџиев, КПЈ, консолидацијата на партиската организација во Македонија и македонското национално прашање непосредно пред војната 1941. Сп. ,,Историја" VIII, 2, стр. 48.

[22]) Ив. Катарџиев, цитираната статија, стр. 51.



Излетници од Прилеп на излет во с. Ореовец на 2 август 1940 год.



Илинденски излет на велешани

## 3. Одбележувањето на Илинден во Егејска Македонија

Иако беа живи традициите за Илинденското востание во гејска Македонија, особено во Костурскиот и Леринскиот крај, аде востанието зеде голема ударна сила, одбележувањето на вој ден беше уште поотежнато од потисничките режими на грчата монархија. Затоа до крајот на Првата светска војна во Егејка Македонија не е забележана ни една јавна манифестација осветена на Илинденското востание, не е напишана ни една осебна книга или брошура за него, не е издаден ни еден леток. о колку тоа специјално да не смееше да се манифестира, македонскиот народ и од овој крај преку своите песни, а особено преку ародните собири на селските слави се потсетуваше на овој паетен ден. Како една од безопасните форми на одбележување на авните денови од национално ослободителното движење во овој рај се практикуваа масовни посети на гробовите на паднатите орци во 1903 година во битката кај „Локвата" и „Вињари" во остурско на кои битки прекрасни стихови им посвети водачот Илинденското востание од овој крај учителот Лазар поп Трајов. Во селото, пак, Д'мбени секоја година на Илинден се собирале под сенките на старите црници во селото и со вообичаени азби се потсетувале на тешки но славни денови од Илинденското востание кога нивното село изгоре до темел.

Историската вистина налага и овде, како и во случајот со ардарска Македонија, да спомнеме дека во еден временски пеиод помеѓу двете светски војни, кога КПГ имала правилен став рема македонското прашање, во својот централен орган „Ризоастис" Танис објавил во неколку продолженија статија под наов „Илинден", херојско востание на македонскиот народ" со цел ги запознае своите читатели, а особено новите преселници од ала Азија во Македонија. Објаснувајќи ги причините за пребрноста на Илинденското востание, Танис ја истакнал херојската орба на македонските маси за своја слобода, акцентирајќи го ако поука за новите дојденци единството на Македонците со ругите народности на теренот во Егејска Македонија, реализино во „прекрасното народно востание", како што во статијата окарактериса Танис Илинденското востание.[23])

## 4. Одбележувањето на Илинден во странство

Ако македонскиот народ од Егејска Македнија немаше ожност да го одбележува Илинден јавно во својот роден крај, ојната емиграција од Егејска и другите два дела на Македонија

[23]) Ристо Кирјазоски, Една пригодна статија во весникот „Ризоспастис" по вод Илинденското востание. ГИНИ XVII, бр. 2 стр. 183.

распрсната по градовите на Турција, САД и други држави во Америка ја земаше често иницијативата за одбележување на Илинденското востание.

Најбројна беше емиграцијата од Егејска Македонија во Турција, поконкретно во Цариград. Од првите години по Првата светска војна секоја година македонската емиграција во Цариград организираше панахиди на Илинден во црквата Св. Димитрија што со свои средства ја беше подигнал заможниот костурчанец Д. Спиров од Загоричани во чест на паднатите за слободата на Македонија. Покрај пригодните говори изречени по тој повод цариградското добротворно друштво на македонската емиграција делело понекогаш слики на паднати Илинденски борци, а понекогаш дури и значки.[24])

Ни малубројната македонска колонија во албанската престолнина Тирана не го заборавила да го одбележи помеѓу двете светски војни големиот ден на својот народ. На своите излети во околината на Тирана почнувајќи од 1937 г. македонската колонија го одбележала на неколку пати до избувнувањето на Втората светска војна овој светол ден на македонскиот народ.[25])

Со поголеми свечености бил одбележуван Илинден од бројната емиграција во САД и тоа не само со панахиди во чест на паднатите во Илинденското востание и со масовни пикници туку и со специјални статии посветени на Илинден и Крушевската република. Органот на прогресивната македонска емиграција што ја раководеше илинденецот Смиле Војданов и Гео Пирински „Македонски билтен", а што го издаваше централното биро на Македонските независни прогресивни групи во САД и Канада уште во првиот број од 1930 година ја повикуваше македонската емиграција во овие две држави да се врати кон заветите на Делчев и неговите другари, подвлекувајќи го значењето на Илинденското востание со овие зборови:

„Нема колиба или овчарски подслон меѓу Бабуна и Пирин што не дале данок во крв и труд во името на слободата и од љубов кон татковината. А со Илинденското востание македонскиот народ ја напиша со крвта на најдостојните синови најсветлата страница во историјата на ослободителното движење од којашто неговите поколенија ќе црпат пример и воодушевување".[26])

Идната година на 2. август 1931 Акронската група „Ѓорче Петров" при македонскиот народен сојуз во Америка организирала голем пикник одлично посетен не само од Македонците од Акрон туку и од околните градови. На тој масовен пикник Гео Пирински, како секретар на Македонскиот народен сојуз, одржал

---

[24]) „Независима Македония" II, бр. 70 од 9. VIII 1924, стр. 3; III г., бр. 123 од 21. VIII 1925; IV, бр. 173 од 27. IV 1926 г.

[25]) „Ил. Илинден", бр. 87 стр. 3, 5 и бр. 97, стр. 5.

[26]) „Македонски бюлетин бр. 1 од 1. III 1930, стр. 1.



Илинденска прослава во Ортакеј во Цариград 1924 година



Илинденски излет на македонската колонија во Тирана во 1937 год.

реч за Илинденското востание и поуките од него. Вакви масовни пикници со специјални предавања за значењето на Илинден одржале и македонските емигранти во Лакавана и Детроит.[27]) Впрочем ваквото одбележување на Илинден стана широка пракса сред македонската емиграција во САД и Канада помеѓу двете светски војни и понатаму.

Со специјални приредби го одбележуваше Илинденското востание и македонската студентска младина на европските универзитети и во зависност од идеолошко-политичката определеност на раководствата на нивните друштва му даваше специјален тон и насока.[28])

Особено истакнувањето на Илинден и неговото практично значење меѓу двете светски војни го подвлекуваше во своите илинденски броеви органот на ВМРО (обединета) „Македонско дело" во Виена и Париз. По повод 25-годишнината од Илинденското востание во уводната статија посветена на Илинден редакцијата на „Македонско дело" пишува:

„За поробениот македонски народ Илинден не е и не треба да остане само еден грандиозен спомен за најголемиот настан во неговата революционерна историја. Илинден не е и не може да биде само една оставена во музејот на македонската историја голема и грандиозна творба за којашто секогаш ќе се прикажува со восхит и занес. Не... Илинден си останува и денес животно евангелие на македонската Револуција".

И откако искажа поклон пред героите на Илинденската револуција редакцијата завршува со повикот „Да живее идната победоносна револуција"![29])

До која степен беше се проширило значењето на Илинденското востание сред Македонците говори и неговото одбележување во 1940 година сред македонските шпански борци, затворени во концентрациониот логор Гирс во Франција. На Илинден 1940 година пред затворениците од целиот логор во Гирс бил поднесен реферат за значењето на борбата на македонскиот народ за своето ослободување во кој било особено подвлечено местото на Илинденското востание во тие борби.[30])

---

[27]) В. „Балканско сдружение". Месечен орган на Македониския народен съюз год. I, бр. III од 3. август 1931, стр. 3.

[28]) Весник „Устрем", од 20. VIII 1924 и бр. 49—50 од 1926 г.; В. „Независима Македония" год. II, бр. 71 и год. III, бр. 122.

[29]) 25-годишнината на македонската революция. Македонско дело, бр. 71 од 10 август 1928, стр. 1—2.

[30]) Елисие Поповски, Прослава на Илинден во концентациониот логор во, Франција. Зборник 40-години КПЈ. Скопје 1961, том IV, стр. 293.

Одавајќи им секоја година признание и почит на илинденските жртви и напојувајќи се од нивната преданост кон саможртва, новите поколенија на македонскиот народ, во заедничка борба со другите народи на Југославија, успеаја во четиригодишната Народно-ослободителна борба и Народната револуција да ги стават темелите на својата слобода пак на Илинден 1944 г., искажувајќи му на тој начин поголемо, отколку секој друг пат, признание на Илинден од 1903 година чијашто 70-годишнина ја славиме оваа година.